Ние сме Медитеранска бродска компанија – МСЦ Скопје ДООЕЛ, една од над 600 агенции во рамките на глобалниот лидер во контејнерскиот транспорт Mediterranean Shipping Company S.A со седиште во Женева, Швајцарија. Главната дејност на нашата компанија е бродски контејнерски транспорт на стоки, по поморски и копнен пат. Доколку имаш страст и желба да започнеш кариера и да бидеш дел од глобалната економија во индустрии како логистика, транспорт и меѓународна трговија не ја пропуштај оваа можност:

Практикант во секторот за увоз

Со поддршка и обука од поискусните колеги, во текот на праксата ќе имаш можност да:

- Се запознаеш со терминологијата и работните задачи во поморскиот транспорт
- Помагаш во координацијата на сите активности поврзани со увозните пратки
- Помагаш во обработката на увозните налози според барањето на клиентите и во согласност со процедурите на MSC S.A.
- Одржуваш редовна комуникација со колеги од другите канцеларии на MSC S.A. како и со превозниците вклучени во релизација на увозниот налог вклучувајќи и други тековни активности со цел да се обезбеди најефикасна услуга и редовно ажурирање на статусот на пратките
- Подготвуваш документација потребна за конкретниот увоз (товарен лист, налог за товарење/истовар, итн.)

Праксата е платена а во текот на истата ќе ти биде доделен ментор кој ќе ти помага и го следи твојот напредок. Многу лесно и брзо и како „нов член“ ќе се почувствуваш како составен дел од тимот. Како мала агенција со четиринаесет вработени, тимски соработуваме едни со други и тоа го сметаме за една од нашите главни предности како потенцијален работодавач.

Нашите канцеларии се наоѓаат во “Chelsea” Бизнис Центар, во центарот на Скопје, на ул. Никола Кљусев бр.11, Плоштад Јадран.



Доколку си студент во IV година или мастер-студии, мотивиран(а) да учиш и да работиш на себе, вреден/вредна и одговорен/одговорна, пријави се со испраќање на своето CV на е-поштата nina.stamenkovic@msc.com до 27.11.2026. година. Ќе ни биде големо задоволство да се запознаме, разговараме и оствариме идна соработка!